Архивски број: 08-452/1
06.05.2026 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-677/1 од 16.9.2025 година поднесена од -----, против ----- и -----, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на јавно информирање и медиуми сторена од страна на ----- и ----- врз граѓани на Република Северна Македонија со бугарска етничка припадност.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација архивирана е претставка бр. 08-677/1 од 16.9.2025 година, поднесена од страна на Здружение ----- за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, од страна на ----- и -----.

Здружението -----ја поднело претставката за заштита од дискриминација во врска со објава на потенцијалниот дискриминатор ----- на социјалната мрежа Facebook, со текст:

*„100 години од раѓањето на Невена Георгиева-Дуња, на 17 годин свирепо заколна од Бугарите, и ја отсекле главата, па на кол ја шетале по селата.*

*Послем тој грозоморен чин, отсечената глава ја ставиле во еден излог во Велес во центарот на градот за да ја гледаат и да држи страв кај народот!*

*Невена Георгиева-Дуња е родена на 25 јули 1925 во Скопје, а својот живот го завршува на 16 декември 1942, монструозно убиена од бугарскиот фашистички окупатор. Судбината на Дуња е трагедија на нашиот македонски народ. Ние и денес сме жртви на модерните бугарски фашисти кои бараат вметнување на бугарски колабористи во уставот!*

*Историјата ги памети бугарските фашисти, но воедно ќе ги памети и современите бугарски колабористи како Заев, Муцунски, Маричиќ итн - колабористите кои по наредба на страмските амбасадори ги предаваат македонските национални интереси и ги внесуваат бугарските фашисти во Уставот!*

*Историјата памети!*


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*Лесна и земја на хероината Невена Георгиевска - Дуња!*
*Вечна и слава на хероината Невена Георгиевска - Дуња!*
*Вечна и слава на маченицата за Македонија!“*

Притоа, покрај текстуалниот дел од објавата, била објавена и слика од гробот на Невена Георгиева – Дуња. Оттука, подносителите на претставката наведуваат дека потенцијалниот
дискриминатор со ваквата објава врши вознемирување врз основа на потекло, национална и етничка припадност, алудирајќи дека Бугарите биле и сѐ уште се фашисти, тврдејќи дека со предметната објава се дава објаснување за настан од Втората светска војна каде била убиена Невена Георгиева – Дуња, која е прогласена за народна хероина, при што се наведува дека во продолжение на објавата нејзиниот автор се повикува на денешницата, односно на предлогот на ЕУ за граѓаните на Македонија со бугарска етничка припадност да бидат впишани во Уставот и ги нарекува фашисти, при што се тврди дека истиот не врши разграничување дека денес Македонија е слободна, независна и суверена држава и не се наоѓа под ничија окупација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 1.10.2025 година испрати Известување бр. 08-677/2 за произнесување по наводите од претставката до ----- и ----- .

Имајќи го во предвид фактот дека Комисијата за спречување и заштита од дискриминација доби поштенска повратница со потврда за прием на известувањето за произнесување, при што потенцијалниот дискриминатор не се произнесе по наводите од претставката во законски предвидениот рок, при носењето на ова Мислење, Комисијата ги ценеше само наводите кои беа истакнати во претставката за заштита од дискриминација поднесена од страна на -----.

Оттука, земајќи ги во предвид наводите во претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на ----- и ----- врз граѓаните на Република Северна Македонија со бугарска етничка припадност, согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите“.*


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Дополнително на ова, со содржината на наведената објава не е исполнета законската дефиниција за вознемирување од **член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** која гласи:

*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.“*

Во врска со цитираниот член, пријавената објава не таргетира лица или група на лица – државјани на Република Северна Македонија со бугарска етничка припадност, согласно што не може да предизвика вознемирување во смисла на Законот за спречување и заштита од дискриминација, при што ваквата објава не може да се толкува изолирано од општествениот и историски контекст на истата. Оттука, дејствието на потенцијалниот дискриминатор не е насочено кон повреда на достоинството на наведената етничка група, дополнително на фактот дека подносителот не направил prima facie случај на вознемирување, бидејќи во претставката не била покажана каузална врска помеѓу одредено несакано постапување (вербално, невербално или физичко постапување) кое има за цел или последица повреда на достоинството на личноста или групата на лица на која односното лице припаѓа или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

Комисијата утврди дека во конкретниот случај не станува збор за дискриминација и вознемирување врз наведената дискриминаторска основа, анализирајќи ја содржината на наведената онлајн објава, како и коментарите на истата. Оттука, Комисијата утврди дека станува збор за толкување на историски настани од периодот на Втората Светска Војна, во врска со животот и убиството на народната хероина Невена Георгиева – Дуња. Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не врши толкување на историски факти и настани или пак пренесувањето на истите во контекст на денешниот општествен дискурс. Дополнително анализирајќи ги коментарите под наведената објава, Комисијата не пронајде дека истите поттикнуваат омраза, раздор и нетрпеливост кон граѓаните на Република Северна Македонија со бугарска етничка припадност, односно не постои каузална врска помеѓу наведената објава и граѓаните на РСМ со бугарско национално самосознание, и предметната објава не е поставена со цел да предизвика вознемирување или поттикнување на дискриминација на наведената група во чие име е поднесена претставката за заштита од дискриминација.

Оттука, имајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата не пронајде дека била сторена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на јавно


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

информирање при социјалната мрежа Facebook од страна на ----- и ----- врз граѓани на Република Македонија со бугарска етничка припадност.

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk